*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1096/8*
*18.07.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: бул. "Партизанска", ул. "Партизанска" крак и пешачка патека, ул "Борис Кидрич", ул. "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив/**

Границите на опфатот се движат по:

- од северозапад опфатот е дефиниран по бул. "Партизанска
- од североисток опфатот е дефиниран по ул. "Партизанска" крак и пешачка патека
- од југ опфатот е дефиниран по ул "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив

Опфатот е со површина од 10 749,28m2.

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: бул. "Партизанска", ул. "Партизанска" крак и пешачка патека, ул "Борис Кидрич", ул. "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив/ ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 13 август 2024 (Вторник) до 25 септември 2024 год (Среда), а јавната



Scanned with CamScanner

презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26 август 2024 (Понеделник) година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Драгана Штерјпва, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
***Градоначалник***
***Иван Јорданов***



Scanned with CamScanner